Република Македонија
**Министерство за животна средина
и просторно планирање**

Архивски бр. 11-119/2
Дата: 05.01.2011

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" 6б
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

До : Кабинет на министерот
Министер, Др. Неџати Јакупи
- Тука

Предмет: Достава на извештај од комисијата за изработка на извештајот за соодветноста на студијата за ОВЖС за Проектот: “Парк на ветерни електрани – Богданци “

Почитуван,

Во прилог Ви го доставуваме извештајот на комисијата и образецот од извештајот за соодветноста на студијата за оценка на влијанието врз животната средина за Проектот: “Парк на ветерни електрани – Богданци“ на инвеститорот АД Електрани на Македонијам – ЕЛЕМ, изготвени од Комисијата за изработка на извештајот за соодветноста на студијата за оценка на влијанието врз животната средина на проектот: “Парк на ветерни електрани – Богданци“.

Со почит,

Изготвил: Билјана Спироска
Проверил: Зоран Бошев

**УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА**
**ДИРЕКТОР**
**Филип Иванов**

Прилог:

- Извештајот на комисијата;
- Образец од извештајот за соодветноста на студијата за оценка на влијанието врз животната средина на проектот Проектот: “Парк на ветерни електрани - Богданци“

Република Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

Архивски бр. 11-118/2
Дата: 05.01.2011

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" бб
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

До : Кабинет на министерот
Министер, Др. Неџати Јакупи
- Тука

Предмет: Заклучок на Извештај за соодветност на Студијата

Почитувани,

Врз основа на член 86 став 1 од Законот за животна средина ("Службен весник на РМ" бр. 53/05, 81/ 05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/2010 и 124/2010) и член 4 од Правилникот за формата, содржината, постапката и начинот за изработка на извештајот за соодветноста на студијата за оценка на влијанието на проектот врз животната средина ("Службен весник на РМ" бр. 33/06), Комисијата за изработка на извештајот за соодветноста на студијата за оценка на влијанието врз животната средина на Проектот: "Парк на ветерни електрани – Богданци", на ден 03.01.2011 година изготви

**И З В Е Ш Т А Ј**

за соодветноста на студијата за оценка на влијанието врз животната средина на проектот – "Парк на ветерни електрани – Богданци"

1. Комисијата за изработка на извештајот за соодветноста на Студијата за оценка на влијанието врз животната средина, врз основа на Студијата за оценка на влијанијата врз животната средина на проектот: "Парк на ветерни електрани – Богданци ", изработена од "WYG International Ltd" со одговорно лице за изготвување на студијата за оцена на влијание врз животната средина М-р Константин Сидеровски за потребите на инвеститорот ЕЛЕМ – Електрани на Македонија, со седиште на ул. "11 Октомври" бр. 9 од Скопје, оцени дека

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" 66
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

со предлог проектот инвеститорот предвидува да опфати површина од 8 ha и следните компоненти: до 35 ветерни турбини и темели, електрична подстаница, 33кV подземни кабли за електрична енергија од турбините до подстаницата и 110 кV надземен далекувод на електрична енергија од подстаницата до следната подстаница, времени пристапни патишта до локацијата и помеѓу турбините и времени објекти за потребите за изградба на паркот на ветерни електрани, вклучуваќи и површина за изградба и складирање. Секоја ветерна турбина ќе има капацитет од 1,5 MW. Турбините ќе бидат со типичен модерен дизајн кој вклучува цилиндрична кула (со средна висина од околу 55m) и ротор со три перки (со дијаметар од околу 56 m), прикачен за гондола во која се сместени генератор и друга оперативна опрема. Вкупната висина на ветерната турбина до врвот на перката нема да надминува 150 m. Минимално растојание помеѓу турбините е 150 метри, а максимално растојание помеѓу одделни редови на турбините е до 2 километри. Локацијата на планираниот парк на ветерни електрани во Богданци лежи на врв на планински гребен, со висина од приближно 500 метри.

Анализата на веројатните влијанија извршена е во фаза на изградба и во оперативна фаза и тоа врз: визуелни аспекти и предел, еколошки ефекти, влијание врз квалитетот на воздухот, бучава, сообраќај, одстранување на цврст отпад, потоа визуелни аспекти, еколошки ефекти (фауна на птици, лилјаци), флора и фауна, квалитетот на воздухот, бучава, сообраќај, подземни води, електромагнетни пречки, ефект на треперење на сенка, отстранување на отпад, несреќи и дефекти. Во Студијата за ОВЖС во глава 5 предложени се мерки за намалување на потенцијалните влијанија на проектот врз животната средина како и матрицата на влијание врз животната средина.

Ветерот е обновлив извор на енергија , поради што овие проекти се нарекуваат "зелени проекти" кои не предизвикуваат загадување на животната средина и природата.

2. Комисијата за изработка на извештајот за соодветноста на студијата за оценка на влијанието врз животната средина на проектот: "Парк на ветерни електрани – Богданци", му предлага на Министерот за животна средина и просторно планирање да издаде решение со кое се дава согласност на барањето за спроведување на проектот: "Парк на ветерни електрани – Богданци", во согласност со предложените мерки за спречување и намалување на штетните влијанија врз животната средина и природата.

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" 66
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

**Комисија:**

1. Зоран Бошев ____________
2. Билјана Спироска ____________
3. М-р Сашко Јорданов ____________
4. Илбер Мирта ____________
5. Валериј Пенев ____________
6. Фатос Балиу ____________
7. Јадранка Иванова ____________

Прилог:

- Образец од извештајот за соодветноста на студијата за оценка на влијанието врз животната средина на Проектот: "Парк на ветерни електрани – Богданци".